Арх. знак 0202
Рок на чување ...
31 10 2019 год.
Потпис,

**СТОМАТОЛОШКА КОМОРА НА МАКЕДОНИЈА**
**MACEDONIAN DENTAL CHAMBER**

ул. Антон Попов бр. 1-4/5 Скопје
(02) 3246 851/852 skm@skm

**Бр.** 02- 889/18
31.10 2019 **година**

## И З В Е Ш Т А Ј

**од продолжението на осмата седница на Извршниот одбор на СКМ одржана на ден 17.07.2019год. во просториите на Стоматолошка комора на Македонија**

На продолжението на осмата седница на Извршниот одбор на СКМ, присуствуваа сите членови, освен Др. Малешевски Димитар, оправдано отсутен, а присуствуваше и претседателот на Надзорниот одбор на СКМ д-р Ѓорѓи Топузоски.

Седницата започна во 13.30 часот, а истата ја отвори претседателот на Извршниот одбор на СКМ д-р Мирлинд Селими со читање на дневниот ред за денешното продолжение на осмата седница и тоа:

**ДНЕВЕН РЕД**

**6. Информации за активности на комората околу КСУ**

**7. Разгледување и усвојување на Предлог - Деловник за работа на регионалните одбори на СКМ**

**8.Информација и разгледување на нацрт предлог на Закон за стоматолошка дејност**

**9. Разгледување и усвојување на предлог активности на органи и тела на комората**

**10.Разно**

По ова се премина кон разгледување и дискусија кон секоја од точките од дневниот ред.

**6. Информации за активности на кмората околу КСУ**

По оваа точка од дневниот ред, Др. Селими даде збор на Др. Денковвски, кој првин го запозна ИО со проблемите со организаторите на настани по однос на не-исполнување на нивните обврски при организирање на настани, како и за текот на состанокот помеѓу претставници на Стручната комисија и организаторите. Тој го објасни заклучокот кој произлезе од таа средба, во насока на тоа да има попрецизни права и обврски за двете страни и предложи ИО на СКМ да донесе одлука со што заклучокот од наведената средба ќе се официјализира.

По кратка дискусија ИО на СКМ едногласно донесе

**О Д Л У К А**

**- за бар кодови, СМС-пораки и адреси –**

---

Понатаму Др. Денковски ја образложи и идејата како од наредната, 2020 година на членовите на Комората да им се овозможат подостапни настани од програмата на КСУ.

Тој истакна дека идејата призлезе од фактот што во 2019 година, но и предходните години, се повеќе настани се организираат само во Скопје, што не е во согласност со правилникот и одредбата за регионален пристап. Понатаму тој истакна дека Комората треба да се погрижи колку е во нејзина можност и да ја намали цената на таксата за учество итн.

По дискусија во кој учествуваа повеќето членови на ИО се донесе

**О Д Л У К А**

за утврдување на годишна програма за субвенционирани едукативни настани
**како пилот проект**

---

**7. Разгледување и усвојување на Предлог - Деловник за работа на регионалните одбори на СКМ**

По однос на оваа точка членовите на ИО отворија расправа по однос на некои од членовите на Предлог - Деловникот за РО на СКМ и по исцрпна дискусија се усогласија за следни измени во предлогот:

Во **член 2**:

- Македонска Каменица место Свети Николе во Делчево, Берово и Пехчево
- Пласница од Прилеп во Кичево

Во **член 4:**

- да се дополни дека, ако претседателот е оправдано отсутен, седницата да ја води заменик претседател

Во **член 7:**

- ст.9 да се брише

Во **член 8**:

**- во ст.2** да се додаде дека, во случај на отсуство на секретарот, работата записничар ја извршува член на РО кој се определува на самата седница

Во **член 9:**

- писменото известување може да биде дадено по: смс и меил

Во **член 14:**

- Во однос на овој член, присутните членови на извршниот одбор **имаа поделено мислење и не заземаа конечен став,** поради што **едногласно одлучија во врска со овој член 14, дополнително да се расправа на наредната седница на извршниот одбор.**

**8. Информација и разгледување на нацрт предлог на Закон за стоматолошка дејност**

По оваа точка правникот Александра Малева објаси до каде е со подготовката на овој нацрт предлог на законот, по што ИО заклучи дека треба и понатаму да се разгледуваат сите идеи, решенија и предлози како од членови на СКМ, така и да се разговара со партнерските комори по што нацртот би се објавил за јавна распправа.

Исто така, се заклучи дека, позитивните работи кои се нотираат за нацртот за Законот за стоматологија да пробаат да се внесат и во работниот текст на новио Закон за здравствена заштита.

**9. Разгледување и усвојување на предлог активности на органи и тела на комората**

По оваа точка од дневниот ред сите присутни се согласија дека комората и во иднина треба да ги продолжи сите активности пред државните органи, како:

- Министерството за здравство
- Фондот за здравство
- Агенцијата за вработување, Агенцијата за заштита на лични податоци и др.

а се со цел за подобрување и унапредување на стоматолошката дејност и статусот и положбата на докторите на стоматологија во општеството.

**10.Разно**

Под точка разно, збор зема Претседателот на комората д-р.Маријан Денковски, кој појасни дека, во **Правилникот за управување со фонд за взаемна помош** заведен под бр.02-1402/1 од 07.11.2018г. во **член 9 алинеја 2 потребно е да се изврши измена на начин што,** зборот **,,инвалидитет,,** ќе се замени **со** зборот **,,повреда,,** , бидејќи за докажување на инвалидитетот членовите на комората кога бараат финансиска помош, мора да прибават документација која потешко се добива од ПИОМ, а факт е дека постои повреда без разлика на степенот на истата.

Исто така, бидејќи на седницата на извршниот одбор одржана на 09.07.2019г. беше донесена Одлука за финансиска помош на докторките на стоматологија кои ќе се породат, потребно е да се направи и интервенција односно дополнување во **Правилникот за управување со фонд за взаемна помош** заведен под бр.02-1402/1 од 07.11.2018г.

Имајќи во предвид дека Правилниците и нивното донесување и менување е во надлежност на Собранието на комората, потребно е Извршниот одбор да донесе Предлог одлука , која потоа би се разгледувала на Собранието на СКМ.

До носењето на одлука од страна на собранието за измена на правилникот, ќе се постапува, односно исплаќа врз основа на Одлуката на Извршниот одбор, а понатаму доколку се измени Правилникот за взаемна помош, ќе се постапува согласно правилникот како и за секоја друга помош.

По ова ИО на СКМ едногласно ја донесе следната

**ПРЕДЛОГ - ОДЛУКА**

**за измена и дополнување на Правилникот за управување со фондот за взаемна помош заведен под бр.02-1402/1 од 07.11.2018г.**

Под точка разно за збор се јави и Др. Јован Гагалески, кој побара за сите состаноци и дејствија кои ги превзема комората со државните органи, да има записник.

На ова Претседателот на комората Др. Маријан Денковски укажа дека не е можно секогаш да се водат записници, ниту е умесно да се бара од присутните на некој состанок, а како претставници на државен орган, да се евидентираат и потпишуваат во одреден записник, но потенцираше дека таму каде што е можно ќе го има предлогот во предвид.

Др. Јован Гагалески исто така праша што се случува со предметот на Др. Дафина Богеска, на што Претседателот на комората Др. Маријан Денковски одговори дека седницата е прекината заради однесувањето на Др. дафина Богеска и дека истата ќе продолжи.

На ова, со свое размислување збор зеде Др. Борче Стојанов кој предложи за вакви случаи да се формира и медијаторско тело за поголема кохезија помеѓу докторите како членови на комората.

Др.Весна Попова Чемерска пак даде предлог, комората да се обрати до Државниот санитарен и здравствен инспекторат (ДСЗИ) за информации во врска со справување со медицински отпад, како и таксативно да ги набројат сите обврски кои ги имаат докторите на стоматологија во своите ординации при една инспекција кога им се прави од страна на ДСЗИ.

На ваквиот предлог, претседателот на комората кажа дека преку стручната служба на комората ќе прати допис до ДСЗИ.

Исто така, даде предлог доколку е можно комората да посредува и со правни лица кои даваат брзи кредити, како на пример ФОРЦА, со цел пациентите да не се задолжуваат, туку да ги исплаќаат докторите за услугата која им е дадена.

Меѓутоа, во однос на ваквиот предлог, повеќето присутни се изјаснија дека тоа е однос помеѓу оној кој бара кредит, во случајов пациентот и оној кој дава кредит и дека тука нема простор комората да се јавува како некаков посредник или гарант.

По исцрпувањето на сите точките од дневниот ред, седницата ја затвори претседателот на ИО на СКМ, д-р Мирлинд Селими во 16.00 часот .

Претсе дател на Извршен одбор на СКМ

**Д-р Мирлинд Селими**